*Борче ИЛИЕВСКИ*

**УДК: 314.9(497.711)„1948/61"**

# ЕТНИЧКИТЕ И ДЕМОГРАФСКИТЕ ПРОМЕНИ ВО СКОПЈЕ ВО ПЕДЕСЕТТИТЕ ГОДИНИ НА XX ВЕК

***Кратка содржина***

*Во педесетите години на минатиот век доило до значајни демографски и етнички промени во градот Скопје и скопската околија. Бројот на населението брзо се зголемувал и во периодот 1948 -1961 година само во градот се зголемил за речиси 80.000 жители.*

*Значаен фактор кој влијаел врз етно-демографската структура на градот и областа е иселувањето на дел од Турците и другите муслимански популации и населувањето на бројни доселеници од косовско-метохиската област и од Санџак, како и од другите делови на Македонија. Градот забрзано ја менувал својата физиономија како последица на брзото зголемување на неговите жители. Овие доселеници најмногу биле сконцентрирани во старото градско јадро, или пак во периферните населби на градот каде живееле во супстандарни живеалишта, најчесто во диво изградени населби. Заради масовното доселување се јавиле низа негативни последици како и економски и здравствени проблеми, растел и бројот на невработени. Во анализите на раководството во Македонија веќе во средината на педесеттите се констатира дека масовното доселување во Македонија, а особено во Скопје претставувало сериозен проблем.*

***Клучни зборови:*** *ЕТНО-ДЕМОГРАФСКИ ПРОМЕНИ, МИГРАЦИИ, ЕТНИЧКИ ДВИЖЕЊА, СКОПЈЕ, СКОПСКА ОБЛАСТ, ПОПИС НА НАСЕЛЕНИЕ*

1. Сè додека историчарите биле насочени кон проучување на настаните поврзани со дејноста на значајните личности не било потребно да се користат статистичките податоци како историски извори. Меѓутоа штом започнале посериозно да го истражуваат економскиот растеж, општествените промени и историјата на одредени заедници „квантификацијата“ станала составен дел од историските истражувања. Пописите на населението станале составен дел на истражувањата и овозможиле населението да се класифицира во одредени општествени групи.[1] Од средината на XIX век благодарејќи на сè поголемиот обем и прецизност на прашањата кои се поставувале на пописите многу општествени фактори станале достапни за квантитативна анализа, како верската или етничката определеност, општестевената положба, миграцијата од село во град и сл.[2]

На балканските простори, односно на територијата на Османлиската империја првиот општ попис но само на машкото население, бил спроведен во 1831 година.[3] По балканските војни во Вардарскиот дел на Македонија српските власти веднаш извршиле попис на населението. Пописот бил извршен за кратко време преку попишувачи од куќа во куќа, а податоците од ова попишување биле објавени во Белград во 1914 година.[4] Спо-

---

[1] Пописите на населението претставуваат темелен извор за проучување на населението. Првиот современ попис на населението бил спроведен во Шведска во 1749 година. Усовршувајќи ја пописната методологија Соединетите Американски Држави во 1790 година спровеле попис на својата територија, а набргу потоа во 1801 година населението го попишале и Франција и В Британија. Во текот на XIX век, пописите на населението биле прифатени од сите европски земји. Сепак општоприфатените научни начела и методологијата на современите пописи биле целосно разработени при попишувањето на населението во Белгија во 1846 година. Следејќи ја современата статистичка методологија Хабзбуршката монархија во 1857 година спровела попис на својата територија, додека во Русија ваков попис бил спроведен во 1897 година.

[2] E. A. Wrigley, Ninetheenth Century Society, Cambrudge University Press, 1972

[3] Kemal H. Karpat, Otoman Population 1830-1914 Demographic and social characteristics, Madison, 1985, 3-11.

[4] Речник места у ослобођеној области старе Србије по службеним подацима, израдио Мил. Ант. Вујовић, Београд 1914. Но прецизноста во овој случај треба да се набљудува доста внимателно, бидејќи во извештаите што српските полициски началници што ги испраќале до своите претпоставени во Белград, било истакнувано дека попис бил вршен и по неколку пати по воспоставувањето на српската власт, но сепак власта не била сигурна во точната бројка на населението. Во еден извештај од 1914 година, од Охридскиот округ се истакнува „Овдешниот свет заради неоправдан страв и понатаму се обидува да ги прикрие своите членови на домаќинствата, па оттука се јавува невоедначеност во статистичките податоци.”

ред податоците на овој попис во Скопје живееле 47.384 жители. Во скопската околина без градот живееле 51.364 жители.[5]

2. Скопје во периодот меѓу двете светски војни станува центар на јужниот дел на Кралството. Во градот се инвестирало и од страна на државата, но уште повеќе од приватниот капитал. Само во периодот од 1918-1929 година во градот биле подигнати над 1.000 нови куќи згради, за живеење и стопански објекти.[6] Бројот на населението мошне брзо се зголемувал, со што овој некогашен вилаетски центар со „азијатска надворешност" сè повеќе го менувал својот лик во едно современо средиште. Во 1921 година, во градот живееле 40.666 жители (22.135 православни, 937 католици, 15.609 муслимани, 1.868 евреи, 86 протестанти и 31 гркокатолик).[7] Мнозинството од православното население го сочинувале Македонците, а Турците биле значајно малцинство во Скопје. Тие сочинувале нешто повеќе од една третина од вкупното население и биле значаен елемент особено во чаршијата.[8] Турците доминирале меѓу скопското муслиманско население кое претставувало 38% од популацијата во градот, со што е евидентен падот на ова население во однос на периодот пред балканските војни. Градот Скопје и понатаму се развивал, особено по административните промени кои настанале во 1929 година, со формирањето на бановините. Градот брзо го зголемувал бројот на населението со населување на жители од околните села, од помалите места во Македонија, како и од јужните делови на кралството.[9] Врз демографската и етничката структура особено

(Љубен Лапе, Охридскиот округ во 1914 година, Гласник на ИНИ, XIII/3, Скопје, 1969, 168-169)

[5] Речник места у ослобођеној области старе Србије..., 134

[6] Јосиф Михајловић, Развитак градова и варошица од ослобођења до данас, Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије 1912-1937, 817

[7] Дефинитивни резултати Пописа Становништва од 31 јануара 1921 године, Сарајево, државна штампарија 1932,112-113. Во тогашниот скопски округ живееле 51.158 жители. Според вероисповедта 25.658 се изјасниле за православни, 25.476 за муслимани и 24 за римокатолици, додека според мајчиниот јазик 28.577, односно 55.8% жители се водат во графата Срби или Хрвати, 18.764 односно 36.7% како Арнаути (Албанци), 2.958 односно 5.8% Турци. Бројот на останатите етноси е минимален. Македонците во согласност со политиката на КСХС се водат во графата Срби или Хрвати.

[8] Со мајчин турски јазик се изјасниле 13.980 жители или 34.38% од населението на градот Скопје во 1921 година.

[9] Според теренските истражувања во селата на Качаничката клисура во 1940 година во периодот по Првата светска војна од оваа област во Скопје се иселиле околу 50 семејства. (Јован Ф. Трифуноски, Качаничка клисура, антропогеографска испитивања, Насеља и порекло становништва, књига 32, Београд, 1950, 53-95). Досе-

влијаело населувањето на бројниот чиновнички и воено полициски апарат во градот и на колонистите во околните села.[10]

Првиот попис во повоена Југославија бил одржан на 15 март 1948 година, и тој од подготвувачите бил наречен „краток попис", затоа што целта била првенствено да се соберат податоци за бројот и составот на населението во Југославија. Промените кои настанале во периодот од седумнаесет години, од последниот предвоен попис, не биле познати, а проценките врз основа на вообичаените статистички методи во такви услови биле речиси невозможни. Пописот од март 1948 година, претставува прво статистичко утврдување на Македонците на територијата на Југославија, односно утврдување на структурата и територијалната распространетост во државата.

Според податоците од првиот повоен попис во Скопје во 1948 година, живееле 87.654 жители. Според овие податоци во градот доминирало македонското и турското население, додека останатите етноси биле застапени со под 10%. Најбројни биле Македонците со 51.819 жители или 59.1% од вкупното население. Втора по бројност група, биле Турците со 13.928 или 15.9%. Србите претставувале 6.7%, Ромите 6.6% и Албанците 5.9% од вкупното население на градот.[11]

По Втората светска војна во градот започнале да се населуваат бројни доселеници од блиската околина,[12] од другите делови на Македонија и Југославија. Во 1953 година, бројот на градското население нарас-

---

леници во периодот меѓу двете светски војни во градот имало од албанските села од јужните делови на Косово. (Атанасије Урошевиќ, Горња Морава и Изморник, Насеља и порекло становништва, књига 28, Београд, 1936, 157-241). Доселеници од споменатите области имало и во селата на скопската котлина.

[10] Во околината на Скопје биле населени бројни српски колонисти, од повеќе делови на Кралството. Најголем дел на колонисти биле населени во Мршевци, Марино село, Трубарево, Маџари, Петровец, Ржаничино, Огњанци, Кадино, Мралино, Синѓелиќ, (Асанбегово) и во др. села.

[11] ДАРМ, ф. 427, к-60, а.е.11/ 161-162; Коначни резултати пописа становништва од 15 марта 1948 године, Београд 1954,447; Овие податоци се однесуваат само на тогашното градско подрачје. Според тогашната територијална поделба постоел посебен срез (округ) Ѓорче Петров, кој го опфаќал истоименото место и повеќе села. Во овој округ во 1948 година живееле вкупно 21.046 жители.

[12] По Втората светска војна, особено по расформирањето на селските работни задруги голем дел од населението на околните села привлечено од можноста за вработување во индустријата започнало да се доселува во градот. Само во педесеттите години од околните села Дивле, Бујковци, Кожле и Булачани во градот се доселиле околу 120 семејства. (Јован Ф. Трифуноски, Сеоска насеља скопске котлине, Скопје, 1964, 114)

нало на 119.134 жители[13] со што всушност започнал брзиот пораст на градското население. Наталитетот кај населението во Македонија бил исклучително висок. Во 1948 година стапката на наталитет била 40.7 промили. Во градот Скопје оваа стапка била дури и повисока 41.1, додека во околината 39.6.[14]

3. Една од главните карактеристики на демографскиот развој на Скопје во педесеттите години на XX век е масовното иселување на турското и дел од другото муслиманско население.[15] Ова миграционо движење ќе остави траен белег врз структурата на населението во Скопје. Навистина, Скопје се наоѓа на простор на кој и во минатото се среќавале различни етноси и култури, така што етничкото шаренило може да се каже дека е повеќевековна константа на градот. Сепак споменатото раздвижување и иселување на дел од населението влијаело да дојде до одредени значајни промени.

По 1953 година доаѓа до значително зголемување на поднесените молби за отпуст од југословенско државјанство. Само во 1954 година биле поднесени 17.396 молби што е за речиси десет пати повеќе во однос на периодот 1951-1953 година.[16] Во Скопската околија, на пример, во текот на 1954 и 1955 година биле поднесени 14.216 молби за отпуст од државјанство, од кои 11.881 биле од градот.[17]

Масовното продавање на имотот од страна на градските Турци, влијаело ова прашање да се разгледува и на највиско рамниште. Се предвидувале разни мерки од страна на општествените и партиски фактори, кои начесто не се применувале во практика. Во еден партиски документ од 1957 година се вели: „Во Скопје за да се полесно реши генералниот регулационен план и донекаде спречи непожелното и неоправдано имигрирање на население од внатрешноста и од А.О Космет, во границите на

[13] Население по народност и населби во НРМ (според административно-територијалната поделба од 9-II-1962 година), Скопје, 1964, 46-53

[14] Статистички годишник на НРМ 1954 година, Скопје, 1954, 73

[15] Почнувајќи од првата половина на педесеттите години, продолжил бранот на иселување на дел од турското и другото муслиманско население од Македонија. Најмногу барања за отпуст од државјанство во овој почетен период на иселување до крајот на 1953 година имало од Скопје и околните места, а меѓу нив имало земјоделци, занаетчии и помал број работници.

[16] ДАРМ, ф. ЦК.КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-128, а.е.5, Информација за иселувањето на припадниците на турското национално малцинство од територијата на Народна Република Македонија, 24 август 1959.

[17] Архив на МАНУ ф. Лазар Колишевски, к. 43, папка-2, О исељавању припадника турске националне мањине из НР. Македоније у Турску, 12.01.1956

можностите се преземени мерки да имотот на турското малцинство првенствено се понуди на откуп на Народниот одбор така да досега се откупени преку 170 куќи."[18]

Доселувањето во Македонија од другите делови на државата било обусловено со процесот на иселување во Турција. Населението кое сакало да емигрира во Турција не можело да добие отпуст од државјанство во Србија или Црна Гора. Токму затоа тие се доселувале во Македонија од каде по извесен период можеле да добијат отпуст од југословенско државјанство, со што се отворал патот за добивање на турско државјанство и иселување во Турција.[19]

Бројни биле и доселениците од околните села или од поширокото подрачје во Македонија. Доселувањето од Косово било особено масовно во педесеттите, иако тоа постоело и претходно, пред сé, заради блиските сообраќајни и економски врски на Скопје со овие области. За ваквите констатации најдобро зборуваат статистичките податоци. Речиси 90% од доселеното население од Косово и Санџак[20] на територијата на Македонија во периодот 1951-1956 година се населило во Скопје. Во споменатиот период во градот вкупно биле евидентирани 14.207 лица, а во околијата 980 официјално регистрирани доселени лица од споменатите области. Најмасовно било доселувањето во средината на педесеттите години.[21] Овие доселеници најмногу биле сконцентрирани во старото градско јадро, или пак во периферните населби на градот каде живееле во супстандарни живеалишта, најчесто во диво изградени населби.[22] Сепак бројката на доселе-

---

[18] (ДАРМ, ф. 427, к-84, а.е.85/ 454 Анализа за иселувањето на турското малцинство од територијата на НО на Скопската околија-Скопје, 3.01.1957)

[19] Тогашните власти особено тешко се справувале со неконтролираното доселување на население од другите републики, пред сè, од Косово и Санџак. Доселеното население главно ги купувало куќите на иселените Турци, како и на поедини Македонци, така што со тек на времето тие започнале да му даваат главно обележје на просторот на левиот брег на Вардар, простор кој претходно имал претежно турско население.

[20] Најголемиот дел од муслиманското население од Санџак го населило градот Скопје и околните села Батинци, Љубин, Средно и Долно Коњари, а во помал број и во други околни селски населби. Во скопско населување на јужнословенско муслиманско бошњачко население од Босна и Херцеговина и Санџак имало уште во последните децении на XIX век.

[21] Архив на МАНУ ф. Лазар Колишевски, к. 43, папка-2, Извештај за припадниците на малцинското население (муслиманско) дојдени од Косово, Санџак, Црна Гора и Босна и Херцеговина во НР. Македонија од 1951-1956 година

[22] Јован Ф. Трифуноски, Савремени етнички процеси у Скопљу, Етнолошки преглед 13, Београд, 1975, 128

но население во Скопје била поголема. Вкупниот број на доселени лица од внатрешноста на Македонија и од Косово и Санџак до средината на 1956 година органите за внатрешни работи го проценувале на над 25.000. Отпуст од државјанство од Скопје и околните населби во овој период добиле околу 14.500 лица, што значи врз градот бил извршен притисок со над 10.000 нови жители.[23]

Во анализите на раководството во Македонија веќе во средината на педесеттите се констатира дека масовното доселување во Македонија, а особено во Скопје претставувало сериозен проблем. Ова население користејќи ја можноста за купување на имотот на иселените во Турција, масовно се доселувале, најпрвин поединечно, а подоцна и со семејствата. Заради масовното доселување се јавиле низа негативни последици како економски, здравствени проблеми, растел и бројот на невработени. Според согледувањата на властите најбезболно би се спречило доселувањето во Скопје доколку околискиот народен одбор обезбеди средства и го купува недвижниот имот на населението кое добило отпуст од државјанство, а законот ги обврзувал сопствениците имотот најпрвин да го понудат за продавање на народниот одбор.

Според непотполните архивски податоци од градот Скопје и околината до крајот на 1956 година се иселиле 974 домаќинства. Иселените оставиле над 1.300 хектари земја и друг движен и недвижен имот. Просечно на едно домаќинство отпаѓале по 1.5 хектари. Најчести купувачи на имотот на иселеното население биле приватници кај земјата дури 95.5%, а кај куќите 83.7%. Државата во откупот на имотот на иселените во Скопје и блиската околина учествувала речиси симболично.[24] Исклучок претставувале само одредени села во Скопско од каде имало помасовно иселување на турското население. Така околискиот собор на народниот одбор на скопската околија во октомври 1959 година донел решение за подигнување на инвестиционен заем во вредност од речиси 82 милиони динари за купување на земја од турското население кое се иселувало во атарите на селата Долно и Средно Коњари.[25]

Од вкупниот имот на иселените домаќинства во скопската околија национализирани биле 7% од куќите и земјата. Токму заради тоа во анализата на народниот одбор на Скопската околија се предлага да се реши генералниот регулационен план на Скопје. Во анализата на народниот

---

[23] Архив на МАНУ ф. Лазар Колишевски, к. 43, папка-2, Преглед на доселени лица во Скопје од 1953 година

[24] ДАРМ ф. ЦК. КПМ/СКМ, 1.427.84.85/454-455, Анализа за иселувањето на турското малцинство од територијата на НО на Скопската околија-Скопје 3.01.1957

[25] ДАРМ Подрачно одделение Скопје, 6.8.15.15/122-126

одбор на Скопската околија се предлага на народните одбори и на задругите да им бидат дадени долгорочни заеми за купување на имотите на турското население кое се иселувало во Турција. Се предлагало во рамничарските области на скопската област земјата да се искористи за проширување на постоечките земјоделски стопанства и сл.[26]

Во текот на 1953 година од Скопската околија во Турција се иселиле 6 домаќинства со 24 членови, а отпуст од државјанство поднеле вкупно 36 домаќинства. Во наредната 1954 година значајно се зголемил бројот на барателите за отпуст од југословенско државјанство. Вкупно од селата на Скопската околија биле поднесени 251 молба за отпуст.[27] Најмасовно било иселувањето од селата Долно и Средно Коњари каде живеело турско население.[28] До почетокот на 1955 година од споменатите села отпуст од југословенско државјанство добиле 49 домаќинства, а на отпуст чекале уште 43 домаќинства.[29] На местото на иселеното турско население се населувало албанско и муслиманско население од Санџак, со што селата го промениле својот етнички лик.

Освен кај турското население забележително е дека кај Македонците муслимани во селата од сливот на Маркова река, почнувајќи од 1954 година масовно се поднесувале молби за отпуст од југословенско државјанство. До крајот на 1954 година само од селото Умово 32 домаќинства поднеле молби и добиле отпуст од југословенско државјанство.[30] Од селото во периодот од 1953 до 1961 година се иселиле 859 жители.[31] И од останатите села населени со Македонци муслимани во скопско дел од на-

---

[26] ДАРМ ф. ЦК. КПМ/СКМ, 1.427.84.85/455

[27] ДАРМ, Подрачно одделение Скопје,6.13.33.91/459

[28] Во село Средно Коњари во 1953 година кога започнал процесот на иселување живееле 233 домаќинства, со 1267 жители, а во Долно Коњари имало 126 домаќинства со 690 жители. По 1912 година од споменатите села голем број на жители се иселиле. Од Средно Коњари во периодот меѓу двете војни околу 50 домаќинства се иселиле во градот Скопје, а околку 45 во Турција. Освен од споменатите села Турците речиси целосно се иселиле и од селото Текија кое во 1953 година имало 31 семејство со 207 жители. (Јован Ф. Трифуноски, Сеоска насеља Скопске котлине, Скопје, 1964, 42-44, 66-69).

[29] ДАРМ, Подрачно одделение Скопје,6.13.33.86/482-83

[30] ДАРМ, Подрачно одделение Скопје, 6.13.33.86/480

[31] Природно и механичко движење на населението во СРМ, 1953 и 1961 – по населби –, Скопје, 1970, 28. Од селото Умово и во периодот меѓу двете светски војни било масовно иселувањето. Во Скопје и Турција се иселиле по околу 30 семејства. (Јован Ф. Трифуноски, Слив Маркове реке – антропогеографска проматрања – Скопје, 1958, 174

селението поднесувало молби за отпуст од југословенско државјанство.[32] На почетокот на педесеттите години пропагандата меѓу ова население за иселување во Турција била мошне силна. Меѓу селаните во село Елово се зборувало...„ако сега не се иселите после сите што ќе останат ќе ве покаурат". Ова го изнел на седница на општинскиот одбор во село Цветово одборникот Ибрахим Муарем од селото Елово. Заради вакvirte изјави добар дел од селаните пролетта 1954 година се подготвувале да поднесат молби за отпуст од дравјанство.[33]

Барања за отпуст од државјанство имало и од селските населби во скопско населени со албанско население. Во 1953 и 1954 година молби за отпуст од југословенско државјанство поднеле повеќе семејства од селата Брест, Блаце, Нерези, Горно Количани, од селата во сливот на Кадина река,[34] од Бојане, Рашче, Грушино[35] и др.[36]

4. По 1953 година, дошло и до видлива промена во етничката структура. Споменавме дека со иселувањето на турското население дошло до одредени етнички поместувања. За разлика од пописот во 1948 година, во 1953 година заради тенденцијата за иселување во Турција голем дел од муслиманското население на пописот се изјаснило како турско. Ваквата тенденција е карактеристична како за градското така и за населението од околните селски населби.

На територијата на градот[37] во 1953 година живееле 119.134 жители од кои 72.477 Македонци, односно 60.8 %, 2.975 Албанци, односно

---

[32] Помеѓу 1953 година и 1961 година од селата Цветово, Елово, Држилово, Пагаруша и Долно Количани вкупно се иселиле 2181 жител. (Природно и механичко движење на населението во СРМ...,27-28).

[33] ДАРМ, Подрачно одделение Скопје, 6.13.28.237/639

[34] Од релативното малата област на сливното подрачје на Кадина река во југоисточниот дел на Скопската котлина според истражувањата на Ј. Трифуноски во периодот меѓу двете светски војни во Турција се иселиле дваесеттина албански домаќинства, додека во градот Скопје се населиле седумдесеттина семејства. (Јован Ф. Трифуноски, Поречието на Кадина река антропогеографски испитувања, Скопје, 1952, 56-109)

[35] Од селото Грушино во североисточниот дел на Скопската котлина населено со албанско население од 1956 до 1960 година во Турција се иселиле 13 семејства, а од соседното Орланци 6 семејства се иселиле во Турција. Дел од имотите на иселениците во Орланци биле купени од доселеници од Санџак. (Јован Ф. Трифуноски, Сеоска насеља Скопске котлине...,25-28)

[36] ДАРМ, Подрачно одделение Скопје, 6.13.33.86/478-485

[37] Се однесува само на урбаниот дел на Скопје, без околните селски населби

2.5% и 22.491 Турци, односно 18.9% од градската популација.[38] Вкупното население во скопската област[39] во 1953 година изнесувало 213.586 жители, што во однос на 1948 година претставувало пораст за 40.202 жители.[40] Карактеристично за пописот од 1953 година е дека Македонците муслимани од селата во сливот на Маркова река[41] речиси целосно се декларираат за Турци. Голем дел и од албанското население во селата во околината на градот на пописот се изјаснило за турско. Ќе наведеме неколку примери на села каде живеело исклучиво албанско население. Во селото Рашче од вкупно 1.590 жители 976 се декларирале за Турци, во Крушопек од 929 жители 887 се декларирале за Турци а само 19 за Албанци, а во Брест на Скопска Црна Гора од 1.886 жители дури 1.193 се декларирале за Турци.[42] Овие примери наведуваат дека при користењето на статистичките податоци во историските истражувања мора да се биде исклучително критичен.

Брзото зголемување на населението во градот продолжило и во наредните години. Во 1961 година во Скопје живееле 165.529 жители. Од вкупното население 109.799 или 66.3% се изјасниле за Македонци, 11.151 или 6.7% за Албанци и 8.8% за Турци. Бројот на населението се зголемил на просторот на целата тогашна скопска околија. Вкупно во градот и околните селски населби во 1961 година живееле 270.299 жители, што во однос на пописот од 1953 година претставува зголемување за речиси 57.000 жители. Заради иселувањето на дел од турското и останатото муслиманско население дошло до благо зголемување на учеството на Македонците во вкупното население на скопската околија. Македонците претставувале 61.1% од населението на околијата, Албанците, 12.9% и Турците 8.1%.[43] И на овој попис најголемиот дел од Македонците муслимани и дел од Ал-

---

[38] Население по народност и населби во НРМ (според административно-територијалната поделба од 9-II-1962 година)…,46-52. Во градот бројно било и српското население со 8.407 припадници и Ромите со 7.588 припадници.

[39] Според денешната територијална поделба се однесува на територијата на градот Скопје и општините, Арачиново, Зелениково, Илинден, Петровец, Сопиште, Студеничани и Чучер Сандево

[40] Коначни резултати пописа становништва од 15 марта 1948 године. 437-450

[41] Види: Јован Ф. Трифуноски, Слив Маркове Реке-антропогеографска проматрања, Скопје, 1958, 161-165, 173-176, 178-182. Се однесува на селата Долно Количани, Пагаруша, Цветово, Елово, Држилово и Умово населении со Македонци муслимани.

[42] Население по народност и населби во НРМ (според административно-територијалната поделба од 9-II-1962 година), 46-52 За наведените села постои богата историска и етнографска литература, во која се зборува за потеклото на ова население.

[43] ibidem…,48-52

банците, но за разлика од 1953 година, во помал број се декларирале за Турци.

Бројот на населението, во Скопје и скопската околија продолжил да се зголемува и во наредните години, особено по земјотресот во 1963 година кога Скопје бил прогласен за отворен град, по што во него се слеале голем број доселеници како од Македонија, така и од соседните области надвор што пак влијаело на понатамошните етно-демографски промени во градот и областа.

***Користени и консултирани извори и литература***


Државен Архив на Република Македонија, фонд Централен комитет на КПМ/СКМ-Комисија за национални малцинства - Архив на Македонската академија на науки и уметности фонд Лазар Колишевски

Државен Архив на Република Македонија, Подрачно одделение Скопје, фонд Околиски народен одбор

Wrigley E. A., Ninetheenth Century Society, Cambrudge University Press, 1972

Karpat Kemal H., Otoman Population 1830-1914 Demographic and social characteristics, Madison, 1985

Дефинитивни резултати Пописа Становништва од 31 јануара 1921 године, Сарајево, државна штампарија 1932

Речник места у ослобођеној области старе Србије по службеним податцима, израдио Мил. Ант. Вујовић, Београд 1914

Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine, Beograd 1954

Naselenie po narodnost i naselbi vo NRM (spored administrativno-teritorijalnata podelba od 9-II-1962 godina), Skopje, 1964

Statistički godišnik na NRM 1954 godina, Skopje, 1954

Prirodno i mehaničko dviženje na naselenieto vo SRM, 1953 I 1961 – po naselbi –, Skopje, 1970

Михајловић Јосиф, Развитак градова и варошица од ослобођења до данас, Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије 1912-1937, Скопље, 1937

Виолета Ачкоска, Братството и Единството 1944-1974 помеѓу хармонија и дисхармонија, Скопје, 2003

Трифуноски Ф. Јован, Качаничка клисура, антропогеографска испитивања, Насеља и порекло становништва, књига 32, Београд, 1950

Сеоска насеља скопске котлине, Скопје, 1964

Savremeni etnički procesi u Skoplju, Etnološki pregled 13, Beograd, 1975

Ацески Илија, Социоекономските карактеристики на населението во приградските населби на подрачјето на Скопје, Проблеми на демографскиот развој на СР. Македонија, Скопје, 1985

Бубевски Душан, Миграциите на населението во СР. Македонија-внатрешни меѓурепублички текови, Скопје, 1990

Синадиновски Јаким, Основните структурални промени и тенденции во повоениот развој на Скопје и неговото население, Гласник на ИНИ, Скопје 1973

Ботева-Панкова Марика, Трајковски Петар Структурни промени во демографскиот развој на градот Скопје (според пописите на населението), Проблеми на демографскиот развоја на СР. Македонија, Скопје, 1985

Јакимовски Јорде Демографските движења и структурата на населението во Скопје, Актуелни демографски движења во Република Македонија во светлоста на резултатите од пописот на населението одржан на 2 и 3 јуни 2005 година.

*Borche ILIEVSKI*

# ETHNIC AND DEMOGRAPHIC CHANGES IN SKOPJE IN THE FIFTIES OF THE XX CENTURY

***Abstract***

*In the fifties of the last century significant demographic and ethnic changes occurred in Skopje and the Skopje area. The population grew rapidly in the period of 1948 till 1961, the population only in the city increased by almost 80,000 residents.*

*Another important factor that affected the ethno demographic structure of the city and its area is the fact that part of Turks and other Muslim population emigrated and numerous immigrants from the Kosovo and Metohija area and Sandzak, as well as from other areas in Macedonia settled down in the city.*

*The city rapidly changed its physiognomy as a consequence of the rapid increase of its inhabitants. These settlers were mostly concentrated in the core of the old city or in the peripheral neighborhoods, living under low standard housing conditions, often in illegally built settlements. Large number of negative consequences occurred such as economy problems, health problems, and a growing percentage of unemployment, because of the mass migration. In the analysis of the leadership in Macedonia already in the mid fifties was concluded that the mass migration in Macedonia and especially in Skopje was a serious problem.*

***Key words:*** *ETHNIC - DEMOGRAPHIC CHANGES, MIGRATIONS, ETHNIC MOVEMENTS, SKOPJE, SKOPJE AREA, CENSUS OF POPULATION*